Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2019 година**

**Скопје, јуни 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2019 година**

Седницата започна во 17:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Асаф Адеми, министер за култура и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

✓ Усвојување на Записникот од 104-та седница на Владата, одржана на 20.11.2018 година

✓ Усвојување на Записникот од 134-та седница на Владата, одржана на 8.5.2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2019 година

- Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.01. - 30.06.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Информација во врска со постапката за непотполна експропријација за изградба на пристап од магистрален пат до Технолошко индустриска развојна зона Струга, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и услуги „Кесслер Македонија" ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1419/1 од 20.12.2017 година

3. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Одлука за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги „Зенитх интернатионал продуцтс" ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-952/1 од 21.6.2018 година

4. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс Договорот бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги „Макдиа" ДООЕЛ Скопје и „Диатекс Спа." како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под број 09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс договорот бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-1978/2 од 2.12.2016 година

5. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

6. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

7. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

8. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

9. Годишен извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година, Годишна сметка на ЈПВ „Лисиче-Велес“ за 2018 година, Извештај на независниот ревизор и финансиските извештаи на ЈПВ „Лисиче-Велес“ за годината која завршува на 31.12.2018 година, со дополнување и предлог-одлуки

10. Годишна сметка за 2018 година и Извештај за работењето на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2018 година, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлуки

11. Информација за донесување на Одлука за висина и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), со Предлог-одлука

12. Барање нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Предлог-одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем

14. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

15. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

16. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Централниот регистар на Република Северна Македонија

17. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (бр.02-10722/49-1 од 12.09.2018 година), Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (бр.02-5690/6-1 од 27.05.2019 година) и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба

18. Предлог-одлука за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари (Апелационен суд Штип)

19. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

20. Информација за потребата од добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје)

**б) економски систем и тековна економска политика**

21. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки

22. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп, со Предлог-одлука

23. Предлог-одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ и Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“

24. Информација за состојбата на возниот парк на Сектор за координација и организација на подрачните единици при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство

25. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ОКТАЈ“, Назмије Алиовска с.Канатларци, Тополчани, со Предлог-одлука

26. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „РИТО“, Даница Љубе Манчова с.Горни Подлог, Кочани со Предлог-одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ВИЧО“, Насе Љубе Трајанов Кочани, со Предлог-одлука и текст на Договор

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Бели за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Бели, Општина Кочани, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место „ВЕЛЕ ПОЛЕ“, за изградба на објекти со намена А - времено домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Д - зеленило и рекреација и Е - инфраструктура, КО Кучково, КО Волково, КО Ѓ.Петров 1 и КО Ѓ. Петров 3, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука

30. Информација за барање за произнесување по однос на писмо на намери од ПКГ „ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, во врска со судски спор помеѓу тужител АД „ЕМО Охрид“ и Република Македонија како спореден замешувач против тужен АДГ „Пелагонија“ за долг

31. Информација за воспоставување нов електронски систем за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата и Информација за поврзаност на мултиплатформскиот систем за е - влада со системот за следење на трошоци, со план за имплементација и пуштање во продукција на системот за евидентирање и одобрување на трошоци

**в) политички систем**

32. Информација за одржаниот Тринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 18 и 19 октомври 2018 година во Брисел

33. Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година, со текст на Финансиската спогодба

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

34. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година

35. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО увоз-извоз с. Драслајца - Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

36. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРОМЕДИКУС ДОО Кривогаштани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

37. Информација за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со текст на ревидиран Оперативен план

38. Информација за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2019 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

39. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

40. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

41. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул. „Теодосиј Гологанов" бр.70 Б Скопје-Карпош

### б) политички систем

42. Предлог-одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Кореја

43. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основно јавно обвинителство Кавадарци

### в) човечки ресурси и одржлив развој

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крушево

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на ЈЗУ Здравствен дом - Берово

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Струга

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р. Димитар Арсов" - Крива Паланка

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски" - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

51. Барање за давање на автентично толкување на член 21 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), а во врска со член 7 став (1) од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев

52. Барање за давање на автентично толкување на член 221 став 3 од Законот за високото образование, поднесено од пратеникот Панчо Минов

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

53. Иницијатива поднесена од адвокат Игор Спировски доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 ставови (5), (6) и (7) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018) и член 52 од Законот за

изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018)

54. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.71778 за КО Куманово на КП 25636/15, место викано/улица В. Карангелоски

55. Понуда од нотар Ирфан Јонузоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959544 за КО Чаир на КП бр.385 место викано/улица Александар Турунчиев

56. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.3241 за КО Глуво Бразда, КП 1403/2 со Договор за купопродажба на недвижен имот од 4.3.2019 година

57. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.439 за КО Горњани на КП 429 м.в. ул. „Тополовик“

58. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.5129 за КО Драчево 2, КП бр.6970 викано место / улица Дашкова Црница

59. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.11476 за КО Сингелиќ-1 на КП бр.3840 м.в ул. 4

**д) други предлози**

60. Кадровски прашања

61. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

62. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП Македонска радиотелевизија

63. Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП Македонска радиотелевизија

64. Информација за финансиското работење со Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Студенчица“ Кичево, за првиот квартал на 2019 година

65. Годишен извештај за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2018 година

66. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2018 година

67. Информација за моменталната состојба на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

68. Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈЗУ Клиничка болница Штип

69. Извештај за обврските кои ги имаат пријавено општините кон јавните комунални претпријатија заклучно со 31 март 2019 година

70. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за март 2019 година

71. Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2016 година

72. Информација за имплементација на препораките од Акцискиот план по дадени забелешки од Државниот завод за ревизија во Здравствен дом Ресен

73. Извештај за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади-пилот фаза 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

74. Информација за давање одобрение на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на софтверски лиценци

75. Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

76. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

77. Информација во врска со одржување на Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 13.6.2019 година, со почеток во 14:00 часот

78. Предлог-одлука за именување на Стојан Витанов за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција

79. Информација за соработка и следење на договорите со странските инвеститори

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Прилеп

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Скопје

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Скопје

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 104-та и 134-та седница на Владата, одржани на 20 ноември 2018 година и 8 мај 2019 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Информацијата за клучните наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви План за реализација на краткорочните приоритети од Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2019 година, во рок од 10 работни дена.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш да ја достави деталната гап анализа на Извештајот и Планот за динамиката на ревизијата на Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ до ресорните институции и НПАА работниге групи.

3. Се задолжуваат сите министерства да го прегледаат Извештајот од аспект на конзистентноста на фактичките информации содржани во истиот и доколку има неточни фактички податоци да го информираат Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12 јуни 2019 година.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Северна Македонија за влез во НАТО**

По повод официјалната посета на делегацијата на НАТО и на Северноатлантскиот Совет на алијансата, предводена од генералниот секретар Јенс Столтенберг и амбасадорите на земјите членки на алијансата од Северноатлантскиот совет, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата за темите од првиот состанок одржан во Република Северна Македонија, процесот на ратификација и полноправното членство на Републиката во НАТО.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.01. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (3.6.2019 година), која е доставена до Собранието на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно укажувањето на Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, да се измени и тоа:

- Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, кој треба да се достави во владина постапка до 15.6.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.9.2019 година.

2. Согласно овој заклучок соодветно да се измени и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за непотполна експропријација за изградба на пристап од магистрален пат до Технолошко индустриска развојна зона Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за предавање на недвижност во владение на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:
- Се задолжува Министерство за финансии - Управата за имотно - правни работи, до потпишување на Одлуката да достави Мислење по материјалот.

<u>**Точка 2**</u>

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под бр.09-1419/1 од 20.12.2017 година, во предложениот текст.

<u>**Точка 3**</u>

Владата ги донесе:

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст и

2. Одлуката за давање на согласност на Одлука за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Зенитх интернатионал продуцтс ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-952/1 од 21.6.2018 година, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ги донесе:

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (најнов текст-усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст и

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Макдиа ДООЕЛ Скопје и Диатекс Спа. како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под број 09-1305/1 од 21.10.2014 година и Анекс договорот бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-1978/2 од 2.12.2016 година, во предложениот текст, со заклучок предлагачот претходно да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (нов текст), во предложениот текст.
Истовремено, Владата заклучи до потпишување на Одлуката предлагачот да достави мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата по Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година, Годишната сметка на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година, Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче-Велес за годината која завршува на 31.12.2018 година, со дополнување и предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година, во предложениот текст и
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2018 година на ЈПВ Лисиче-Велес.

Истовремено, Владата укажува на потребата да се забрза постапката за реализирање на Инвестиционата програма за ЈПВ Лисиче, со цел да може да се искористи кредитот од KfW банка.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Министерството за животна средина и просторно планирање да се преземат соодветни мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските кои се настанати во изминатиот период, како и подобрување на наплатата на побарувањата.

## Точка 10

Владата по Годишната сметка за 2018 година и Извештајот за работењето на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип во 2018 година, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлуки ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година, во предложениот текст.
2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип искажана во Годишната сметка за 2018 година, во предложениот текст.

Исто така, Владата укажува на потребата да се забрзаат постапките за реализирање на Инвестиционата програма на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип, фаза II - наводнување и фаза III - енергетика, со цел да може да се искористи кредитот од Европската инвестициона банка и реализацијата на изградба на филтер станици во Лозово и Карбинци и преадаптација на филтер станиците во Штип и Свети Николе, преку Програмата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 11</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за висина и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), во предложениот текст.

**<u>Точка 12</u>**

Владата го разгледа Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје, во предложениот текст.
Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје.

**<u>Точка 13</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем, во предложениот текст.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, условно ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, доколку предлагачот до потпишување на истата постапи согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

## Точка 16

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (бр.02-10722/49-1 од 12.09.2018 година),
2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор (бр.02-5690/6-1 од 27.05.2019 година) и
3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба, во предложените текстови.

## Точка 18

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за

избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Царинската управа, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.
4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за ревизија, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација, во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с. Ореовец“, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с. Ореовец“, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата на предлог на предлагачот ги одложи од разгледување Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ и Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ за наредната седница на Владата.

## Точка 24

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за состојбата на возниот парк на Сектор за координација и организација на подрачните единици при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ ОКТАЈ Назмије Алиовска с.Канатларци, Тополчани, со Предлог-одлука, (нов текст) ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ РИТО Даница Љубе Манчова с.Горни Подлог, Кочани со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „ВИЧО“, Насе Љубе Трајанов Кочани, со Предлог-одлука и текст на Договор, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Бели за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Бели, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Бели за изградба на објекти со намена А-домување, А-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Бели, Општина Кочани, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место „ВЕЛЕ ПОЛЕ“, за изградба на објекти со намена А - времено домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Д - зеленило и рекреација и Е - инфраструктура, КО Кучково, КО Волково, КО Ѓ.Петров 1 и КО Ѓ.Петров 3, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место „ВЕЛЕ ПОЛЕ“, за изградба на објекти со намена А - времено домување, Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни институции, Д - зеленило и рекреација и Е - инфраструктура, КО Кучково, КО Волково, КО Ѓ.Петров 1 и КО Ѓ.Петров 3, Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за барање за произнесување по однос на писмо на намери од ПКГ „ГРОУП“, ДООЕЛ, увоз-извоз Велес, во врска со судски спор помеѓу тужител АД ЕМО Охрид и Република Македонија како споредн замешувач против тужен АДГ Пелагонија за долг и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од 8 дена а поврзано со Стечјната постапка СТ-60/16 која се води пред Основниот суд Охрид спрема АД „ЕМО Охрид“ во стечај, до Владата, да достави детална информација во која ќе се наведе колкав е уделот на Република Северна Македонија во стечајната маса, кои се останатите доверитители, кое е нивното побарување и нивното учество во стечајната маса, редоследот на намирувањето на доверителите, дали постојат излачни и разлачни доверитетели и за кој имот се однесуваат овие права како и други податоци кои се од значење за заштита на правата и правните интереси на Република Северна Македонија во наведената постапка.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Охрид, во рок од 8 дена да ја информира Владата во врска со можноста за извршување на пресудата VI ТС бр. 1415/08 од 14.12.2010 година на Основен суд Скопје 2 Скопје по тужба на тужителот АД „ЕМО Охрид" против тужениот АДГ „Пелагонија", за долг, вредност 10.094.869,22 УСД и да предложи можни решенија за наплата на побарувањето од тужениот АДГ „Пелагонија".

Истовремено, се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да соработува со стечајниот управник во обезбедувањето на потребните податоци.

## Точка 31

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за воспоставување нов електронски систем за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата и Информација за поврзаност на мултиплатформскиот систем за е - влада со системот за следење на трошоци, со план за имплементација и пуштање во продукција на системот за евидентирање и одобрување на трошоци за наредната седница на Владата.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Тринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 18 и 19 октомври 2018 година во Брисел и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го информира Секретаријатот за европски прашања за имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудството и Акцискиот план, обезбедувајќи широка консултација со заинтересираните страни на квартално ниво.

2. Се задолжува Министерството за правда, да развие Стратегија за човечки ресурси најдоцна до крајот на 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да му укаже на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најнови информации за статусот со постапката за наодите од Извештајот за извршен увид од функционалноста на информатичкиот систем АКМИС и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник во судовите, на англиски јазик најдоцна до 30 јуни 2019 година.

4. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за надворешни работи да започнат постапка за ратификација

на инструментите од Хашката конференција кои имаат директна врска со правото на ЕУ: Конвенцијата за заштита на деца од 1996 година, Конвенцијата за избор на судски спогодби од 2005 година и Конвенцијата за поддршка на децата и семејна издршка од 2007 година и нејзиниот Протокол за Законот кој се применува за обврските за издржување, со цел нивна ратификација до крајот на 2019 година.

5. Се задолжува Министерството за правда да му укаже на јавниот обвинител за врски на Република Северна Македонија со EUROJUST, да доставува известувања за тековната работа до Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања на квартално ниво, почнувајќи од јуни 2019 година.

6. Се задолжува Управата за извршување на санкциите да преземе итни мерки за оперативност на системот на пробација на територијата на целата земја и да преземе мерки и активности за поттикнување на примената на овој систем, и да се финализира одржувањето на електронскиот мониторинг систем до 30 јуни 2019 година.

7. Се задолжува Министерството за правда да му укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители да одржат обуки/советувања за поттикнување на употребата на алтернативи на мерката притвор до крајот на 2019 година.

8. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со ресорните институции да започне постапка за усогласување на сите други релевантни закони по усвојувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација до 30 септември 2019 година.

9. Се задолжува Министерството за правда да му укаже на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најнови информации за статусот на истрагите по однос на нападите на ЛГБТИ Центарот за поддршка од 2012 година и 2014 година на англиски јазик најдоцна до 30 јуни 2019 година.

10. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да преземе итни мерки за подобрување на животната состојба на штитениците во Демир Капија, со гаранција за хуман третман на лица со попреченост, до 30 јуни 2019 година.

11. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да достават пишан материјал до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања за идната рамка на политиката за правата на детето до 30 јуни 2019 година.

12. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја ажурира Националната проценка за закана од сериозен и организиран криминал до 30 јуни 2019 година.

13. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да преземе активности за да се осигури воспоставување и функционирање на истражните центри до 31 октомври 2019 година.

14. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди системска употреба на биометриска регистрација и да доставува известувања за тековните активности до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања на квартално ниво.

15. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го подигне нивото на борба против шверц со мигранти и незаконски гранични премини и да доставува известувања за тековните активности до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања на квартално ниво, почнувајќи од 30 јуни 2019 година.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година, со текстот на Финансиската спогодба и ја усвои со следните заклучоци усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Го прифати текстот на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2018 година.

2. Се овластува Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и Национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиската спогодба за финансирање на Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2018 година ИПА/2018/040-860,Цел 1.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии - Царинската управа, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Дирекцијата за заштита и спасување, како корисници на програми од Акција 1 „Поддршка за учество во Програмите на Унијата“ да го предвидат потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за плаќање на влезните билети во рамките на буџетското планирање за 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за правда како корисник на програми од Акција 1 „Поддршка за учество во Програмите на Унијата“ да го предвиди потребниот износ на задолжително

национално кофинансирање за плаќање на влезни билети во рамките на буџетот за 2019 и 2020 година.

5. Се задолжуваат Министерство за финансии - Царинската управа, Министерство за финансии - Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија да го обезбедат потребниот износ на национално кофинансирање врз основа на моделот паралелно кофинансирање, во рамките на своите буџети за соодветните фискални години за спроведување на Акција 3: ЕУ Поддршка за управување со јавните финансии.

## Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да изнајде начин со донесување на посебна програма или со посебно законско решение да се воедначи пристапот при постапувањето во вакви ситуации доколку се случат во иднина (да се дефинираат критериуми кога државата треба да интервенира во вакви ситуации).

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО увоз-извоз с.Драслајца - Струга за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГРЕЕН & БИО ФАРМ ДОО, увоз-извоз с.Драслајца - Струга, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕУРОМЕДИКУС ДОО Кривогаштани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРОМЕДИКУС ДОО Кривогаштани.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, со текст на ревидиран Оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати најновиот текст на ревидираниот Оперативен план.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе Програма за седум дневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона лето 2019 година и Процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст во учебната 2018/2019 година.
2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од седум дена да формира Комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на Јавното радио-дифузно претпријатие „Национална радио-телевизија“ Скопје во сите редакции, веб страницата на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во јуни 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика веднаш по објавување на јавниот повик во рок од пет дена да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

5. Се укажува на Јавното радио-дифузно претпријатие „Национална радио-телевизија“ Скопје во рок од три дена од денот на добивањето на јавниот повик за Проектот за користење бесплатни услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и корисници на посебен додаток бесплатно да го емитува.

## Точка 39

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци и ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Кавадарци со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 40

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 41

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул.„Теодосиј Гологанов“ бр.70 Б Скопје-Карпош, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Кореја (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основно јавно обвинителство Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Крушево, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на ЈЗУ Здравствен дом - Берово, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница Струга, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р. Димитар Арсов" - Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Државното средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски" - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 21 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), а во врска со член 7 став (1) од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република

Македонија“ бр.7/2019), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 21 од Законот за основното образование:
„(1) Основното училиште има статут.
(2) Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно - образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште.
(3) Статутот на основното училиште го донесува училишниот одбор.
(4) На статутот на основното училиште согласност дава Министерството“.

Согласно член 7 став (1) од Законот за употреба на јазиците:
„(1) Називите на институциите од член 1 став (3) и член 2 став (3) од овој закон, како и сите други институции и нивните подрачни единици во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв“.

Согласно наведениот член 21 од Законот за основното образование и член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во основното училиште, а во тие рамки да се утврдат и статусните карактеристики на основното училиште како установа основана од Република Македонија со средства во државна сопственост како државна установа (државно основно училиште), односно основана од општина со средства во сопственост на општината (општинско основно училиште). При тоа, право е на законодавецот да ги утврди елементите кои треба да бидат особено содржани во статутот, како општ акт на основното училиште. Законодавецот утврдил дека тие елементи се: организацијата и вршењето на воспитно - образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште. Со овој закон не се уредува јазикот и писмото на кои треба да биде испишан називот на основното училиште, туку истото се уредува со Законот за употребата на јазиците, каде во членот 7 во ставот (1) е наведено дека називите на сите органи на државната власт во Република Македонија, централни институции, јавни претпријатија, агенции, дирекции, установи и организации, комисии, правни лица кои вршат јавни овластувања согласно закон и други институции во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во Скопје, ќе се напишат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од

граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Називите ќе бидат со иста големина и фонт, при што називот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв.

Имајќи во предвид дека одредбите од 21 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), и одредбата од член 7 став (1) од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019) се прецизни и јасни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на член 21 ставови (1), (2), (3) и (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), а во врска со член 7 став (1) од Законот за употребата на јазиците („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2019), поднесено од градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

## Точка 52

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 221 став 3 од Законот за високото образование, поднесено од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 221 од Законот за високото образование:

„(1) Ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа избрани пред влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

(2) Лицата од став (1) на овој член, кои се избрани на своите функции по прв пат согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), имаат право на уште еден мандат според овој закон.

(3) Ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа избрани на своите функции во два мандати пред влегувањето во сила на овој закон според прописите кои важеле пред стапување во сила на овој закон, немаат право на уште еден мандат според овој закон.

(4) Изборот на ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа, започнат пред влегување во сила на овој закон ќе заврши според одредбите на Законот за високото образование („Службен весник на Република

Македонија“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/2015, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16) и одредбите на општите акти на високообразовните установи според кои истиот започнал.“.

Тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на високо- образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува високообразовната дејност во високообразовните установи во Република Северна Македонија, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми кои треба да ги исполнува лицето за избор на ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа, со исполнување на општите и посебните услови предвидени во Законот за високото образование, како и времетраењето на мандатите.

Одредбата од член 93 став (4) од член 97 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) определува дека членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор. Членот 97 став (3) уредува дека ректорот се избира за време од три години, со право на уште на еден избор. Член 115 став (1) уредува дека деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.

Со член 221 став (3) од Законот за високото образование законодавецот уредил дека ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа избрани на своите функции во два мандати пред влегувањето во сила на овој закон според прописите кои важеле пред стапување во сила на овој закон, немаат право на уште еден мандат според овој закон.

Ваквата одредба е прецизна и јасна од аспект дека при избор за ректор, проректор, декан, продекан, член на сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа се засметуваат сите претходни мандати, без оглед дали се или не се последователни, пред влегувањето во сила на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18).

Имајќи предвид дека одредбата од член 221 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) е прецизна и јасна, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на член 221 став (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), поднесено од пратеникот Панчо Минов.

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Игор Спировски доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 ставови (5), (6) и (7) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија “ бр.233/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека оспорените одредби од член 46 ставови (5), (6) и (7) од Законот за извршување не се во согласност со член 8 став (1) алинеи 3 и 6, член 30 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така наведува, дека оспорениот член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување не е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и член 52 од Уставот.

Според наводите во Иницијативата во ставот (5) на членот 46 од Законот за извршување обврската на извршителот да го ослободи од обврската за плаќање на надоместоците и наградата од став (1) на истиот член физичкото лице кое е евидентирано како примател на социјална парична помош, истовремено значи јасно ограничување (одземање) на правото на извршителот да ги наплати надоместоците и наградата за својата извршена работа во апсолутна смисла. Подносителот на Иницијативата наведува, дека оваа одредба не пропишува, дека извршителот има право на регрес на износот на надоместоците и наградата што државата со законот му забранила да ги наплати од лицата приматели на социјална парична помош. Наведено е дека на извршителот му се одзема правото на наплата на приход од својата работа, за да може лицето должник примател на социјална помош да биде ослободено од плаќање на извршените дејствија за наплата на долгот од него. Наведено е дека во овие случаи извршителот мора да работи бесплатно, а со тоа директно се засега во неговото право на мирно уживање на сопственоста, односно заработката од сопствената работа.

Во однос на одредбата од ставот (6) од член 46 од Законот за извршување пропишува ограничување на правото на наплата на надоместоци и награда за извршените дејствија, односно остварување на приход и заработка на извршителите од вршењето на нивната дејност во согласност со Законот и Тарифата за награда и надоместоци како имотно право, односно право на сопственост, гарантирано во членот 30 од Уставот, како и во член 1 од Протоколот бр.1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Наведено е дека со оспорениот став (6) од членот 46 од Законот за извршување товарот на грижата за социјалната сигурност на граѓаните го става врз грбот на извршителите, со тоа што максимирањето на наплатливите надоместоци и наградата се пропишува не во зависност од социјалниот статус на граѓаните - должници утврден според висината на нивните примања, односно нивната имотна состојба, туку исклучиво од видот на услугите за кои што тие не ги наплатиле сметките и што се предмет на извршување врз основа на нотарски платен налог.

Според наводите во Иницијативата, оспорената одредба од ставот (6) поставува теза, дека сите должници на сметки за неплатени комунални и други услуги се лица на кои треба да им се обезбеди социјална сигурност. Наведено е дека фактурите за означените комунални и други услуги не ги плаќаат само лица со ниски, туку и лица со високи приходи и дека извршителите извршуваат платни налози и против едните и против другите. Наведено е дека законодавецот создава неоправдани повластици за оние граѓани - должници кои не се во никаква социјална потреба и за кои државата не треба да води сметка за социјалниот аспект на извршувањето. Според подносителот на Иницијативата се овозможува повластениот третман да го користат и оние должници кои не ги платиле сметките за овие услуги не затоа што не можеле според својата имотна состојба, туку затоа што не сакале. Наведено е дека не постои легитимна цел во јавен интерес предвидена во согласност со член 35 од Уставот на која би можело да му служи ограничувањето на правото на сопственост на извршителите во смисла од член 30 од Уставот.

Наведено е дека државата ја префрлува својата грижа за социјална сигурност на граѓаните утврдена со член 35 од Уставот врз извршителите, со налог тие да го понесат финансискиот товар на оваа социјална мерка, што е основ за оцената дека тие одредби се во спротивност и со член 30 од Уставот и со член 35 став 1 од Уставот. Наведено е дека целокупниот товар од оваа мерка го понесува извршителот кој тоа треба да го плати. Наведено е дека извршителот треба да трпи прекумерен индивидуален товар што го нарушува фер балансот помеѓу јавниот интерес и интересот за заштита на правото на сопственост на поединците, ова особено што постои уставна обврска на државата да го понесе тој товар во вакви ситуации од буџетот.

Во однос на ставот (7) од членот 46 од Законот за извршување наведено е дека директно го поткопува темелниот принцип на Законот за извршување утврден во членот 28 став (6) со кој е пропишано, дека со врачувањето на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства на извршување и предмети на должникот, заради целосно извршување на извршната исправа. Наведено е дека со оспорениот став (7) се попречува остварувањето на ефикасна наплата на долгот со други средства за извршување од кои би можело во целост да се покријат и надоместоците и наградата на извршителот за извршените дејствија.

Во однос на членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување во кој се предвидува започнатите постапки пред влегувањето во сила на овој закон да продолжат според одредбите од овој закон наведено е, дека го повредуваат принципот на забрана на повратно дејство на законите гарантирано со член 52 од Уставот.

Наведено е дека оспорената одредба има повратно дејство, од причина што се овозможува примена на одредба од Законот, односно ставот 6 од член 46 од Законот за извршување на ситуации и односи што се завршени пред неговото влегување во сила. Наведено е дека смислата на уставната одредба за дозволениот исклучок на повратно дејство на законите е во постоењето на генерална поволност за граѓаните во однос на остварувањето на законски услови за

остварување на лични, статусни, имотни или други права, а не за стекнување на поповолна положба во однос на спротивни страни или засегнати трети страни во правните односи на нивна штета. Наведено е дека оваа одредба е во директна спротивност со принципот на правна сигурност како елемент на владеење на правото, затоа што на недопуштен начин создава правен вакуум во кој извршителите, по влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување не можеа да наплатат извршно дејствие се додека не беше донесена новата тарифа. Наведено е дека законодавецот во Законот наместо престанокот на примената на старата тарифа да ја врзе со моментот на донесувањето и примената на новата тарифа, тој престанокот на старата тарифа го врзал за денот на влегувањето во сила на новиот закон, иако во член 55 од Законот е определен рок од три месеци за донесување на подзаконските акти, меѓу кои и новата тарифа, со што извршителите од денот на влегување во сила на овој закон, не можат нормално да ја извршуваат должноста, затоа што беа оставени како основен пропис за нивното функционирање.

Заедно со уставната иницијатива поднесен е и предлог, Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за привремена мерка за запирање на извршување на кои било поединечни акти и дејствија што произлегуваат од оспорените одредби до донесувањето на конечна одлука. Ваквата времена мерка се предлага, од причина што извршителите се должни да постапуваат без надомест, односно без целосен надомест на издатоците и награда за преземените дејствија, со што секојдневно трпат штета.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата од следните причини:

Според член 32 став (1) од Законот за извршување, извршителот е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон именувано од Министерството за правда согласно со одредбите од овој закон.

Според став (5) од Законот за извршување извршителот ќе го ослободи од плаќање на надоместоците определени во став (1) на овој член и награда за реализација, должникот - физичко лице кое според податоците од надлежната институција е евидентирано како примател на социјална парична помош.

Според став (6) од истиот член вкупниот износ на надоместоци за спроведени дејствија определени врз основа на став (1) од овој член за извршување на примено барање од доверител правно лице против должник физичко лице, за извршување на нотарски платен налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште), со налог за извршување по член 141 (налог за извршување врз плата) или по член 149 од овој закон (извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице), не може да надминат 20% од главниот долг и каматата определени во извршната исправа. Во ограничувањата на висината на надоместоците не влегуваат трошоците за извршени три достави по пат на поштенска пратка и надомест за

информација за трансакциска сметка на должникот од Единствениот регистар на трансакциски сметки.

Според став (7) од истиот член извршителот за случаите од став (6) на овој член, должен е да се обиде да го спроведе извршувањето согласно членовите 141 или 149 од овој закон пред да продолжи со преземање со другите извршни дејствија.

Според член 52 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018), извршувањата започнати согласно одредбите од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/2010, 83/2010, 88/2010, 171/2010, 148/2011 и 187/2013), и Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016 и 142/2016), како и извршувањата започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно одредбите на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.72/2016 и 142/2016) ќе продолжат согласно одредбите од овој закон. За преземените извршни дејствија до денот на влегување во сила на овој закон, извршителите ја применуваат тарифата која била на сила во моментот на преземање на извршни дејствија, а за извршните дејствија кои се преземаат по денот на влегување во сила на овој закон се применува тарифата донесена согласно одредбите од овој закон, при што не може да се бара поврат на платените надоместоци или награди.

Извршителите се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, именувани од министерот за правда согласно со одредбите на овој закон и кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се преземат во рамките на нивните овластувања, за да се спроведе извршната исправа и да ги преземат извршните дејствија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се имплементираат стратешките приоритети на државата определени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, особено во правец на намалување на трошоците за граѓаните во сите постапки.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување редефинирани се основите за креирање на новата тарифа за награда и други надоместоци за работата на извршителите со цел да се намалат извршните трошоци. Во ставот (5) од членот 46 се регулира максималниот износ на надоместоци и награда за извршителите во предметите за наплата на комуналните сметки, како и на сметките за другите јавни услуги на физичките лица со цел да се води сметка за социјалниот аспект на извршувањето и да се оневозможи неколкукратно зголемување на наплатените износи, споредено со долгуваните износи. Согласно член 1 од Уставот на Република Северна Македонија, државата е дефинирана како суверена, самостојна и социјална држава и мора да се води сметка за интересите на граѓаните и социјалниот аспект на извршувањето.

Со членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се уредува примената на законските одредби и тарифата која произлегува од одредбите на овој закон.

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување имаше за цел да ја олесни, поедностави, поефтини и зголеми ефикасноста при остварување на правата на граѓаните и правните лица и сите учесници во постапката пред извршител, а во правец на надградување на системот за брзо и ефикасно спроведување на извршување и остварување на правата на доверителите, почитувајќи го интегритетот на должникот.

Неосновани се наводите на подносителот дека со пропишаниот член 46 став (5) од Законот за извршување, на извршителот му се одземало правото на наплата на приход од својата работа за да може лицето должник примател на социјална помош да биде ослободено од плаќање на извршните дејствија за наплата на долгот од него.

Ова од причина што извршителот во никој случај не може да извршува присилно од овие лица затоа што според член 116 од Законот за извршување, истите се иземени од извршување врз основа на права на парична помош од социјална заштита. Оваа одредба постоеше и во Законот за извршување пред измените во 2018 година, со што извршителите и досега не ги наплатуваа надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија од лица приматели на социјална помош. Единствената разлика е во тоа што со измените на Законот за извршување од 2018 година, се укина авансирањето на надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија, така што сега овие средства не може да ги побаруваат како аванс од доверителот и потоа да ги наплатат или да не ги наплатат од должникот доколку истиот остварува примање врз основа на права на парична помош од социјална заштита.

Со измените всушност се овозможи реализација на правата на должникот во смисла на член 5 од Законот за извршување, кога истиот е примател на социјална парична помош.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека со членот 46 став (6) од Законот за извршување, тежиштето на одредбата била во ограничувањето на правото на извршителот во овие случаи да ги наплати надоместоците, трошоците и наградата за извршните дејствија во целосен износ според тарифата, како и примерот кој е даден од подносителот на Иницијативата за спроведување на извршување на парично побарување во износ од 1.000,00 денари.

Имено во примерот беше наведено дека само трошокот за надоместокот што го плаќаат банките за блокирање на сметката на должникот, а што го плаќал извршителот при доставувањето на налогот за извршување до банката изнесувал 500,00 денари. Ваквите наводи се во целост неосновани од причина што трошокот на банката за блокирање и одблокирање на трансакциската сметка на должникот, не ги плаќа извршителот со поднесување на налогот за извршување, односно ваквиот надоместок го наплатуваат односно го задржуваат банките од трансакциската сметка на должникот. Во ваков случај не постои никаков трошок за извршителот за поднесување на налог до банката. Ваквата одредба е пропишана со цел намалување на трошоците на граѓаните, односно должниците физички лица за извршување на нотарски платен

налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште) и тоа само во случај доколку извршувањето се спроведува по член 141 и член 149 од Законот за извршување, во кои случаи трошоците за спроведување на извршување се десет кратно и повеќе поголеми од главниот долг и каматата на главниот долг. Тоа се случуваше од причина што извршителите без оглед на висината на долгот спроведуваа извршување со средства за извршување за чие спроведување се бара преземање на повеќе извршни дејствија заради зголемување на трошоците за извршување.

Неосновани се и наводите на подносителот на Иницијативата дека со членот 46 став (7) од Законот за извршување директно се поткопувал темелниот принцип на Законот за извршување утврден во членот 28 став (6) од Законот за извршување дека, со врачувањето на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства на извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа и се попречувало остварувањето на ефикасна наплата на долгот со други средства за извршување од кои би можело во целост да се покријат и надоместоците и наградата на извршителот за извршните дејствија. Ваквите наводи се неосновани од причина што оспорениот член е пропишан исто така во насока на остварување на член 5 од Законот за извршување, од причина што извршителите во досегашната пракса без претходно да проверат дали должникот е вработен или има трансакциска сметка на која може да има прилив и по други основ освен од плата, кој е наједноставен начин на спроведување на извршување и воедно и најевтин за должникот, извршителите со цел да се наплатат поголеми трошоци не водејќи сметка за член 5 извршувањето да биде поповолно за должникот, извршувањето го спроведуваа со други средства за извршување каде се преземаат повеќе дејствија за спроведување на извршувањето, со што се зголемуваа трошоците за спроведени извршни дејствија и се оптоваруваа должниците со непотребни трошоци. Со пропишаната одредба се пропишува дека извршителот за случаите кога се работи за доверител правно лице против должник физичко лице, за извршување на нотарски платен налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште), должен е да се обиде да го спроведе извршувањето согласно членовите 141 или 149 од овој закон пред да продолжи со преземање со другите извршни дејствија. Со ова токму од причините наведени од подносителот на Иницијативата дека со други средства за извршување во целост ќе ги покријат и надоместоците и наградата на извршителот за извршните дејствија, а на штета на должникот од причина што наместо да се спроведе извршувањето со еден налог кое би било најбрзо, најефикасно и најекономично извршување извршителите водејќи се од лукративни причини спроведуваат извршување со други средства за извршување со цел зголемување на трошоците за извршувањето кои одат на сметка на извршителот.

Неосновани се и наводите дека членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018), не е во согласност со

член 8 став 1 алинеи 3 и 6 и член 52 од Уставот. Имено, со конкретната одредба ниту извршителите ниту странките можат да претрпат било какви правни последици што би ги загрозило нивните права или интереси, напротив истите се во насока на зголемување на нивните права и остварувањето на истите. Примерот кој го наведува подносителот на Иницијативата е повторно несоодветен, односно третата продажба не влијае на намалување правата на должникот или како што наведува подносителот дека било неповолно за должникот од причина што на третата продажба цената на подвижните ствари или недвижниот имот не може да се намали под цената утврдена како почетна цена за втората продажба, напротив се дава уште една можност да се продаде недвижноста без да се прават повторно трошоци за процена на недвижноста и за спроведување на нови продажби на истата недвижност, поради тоа што претходната продажба не се реализирала. Тука повторно се поставува како прашање само интересот на извршителите за правење нови трошоци за спроведување на нови извршни дејствија со исто или ново средство за извршување со што освен извршителот ниту доверителот ниту должникот имаат некоја корист напротив им се причинува само поголема штета.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со оспорените одредби од член 46 ставови (5), (6) и (7) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016, 142/2016 и 233/2018) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија " бр.233/2018) не се повредуваат членот 8 став 1 алинеи 3 и 6, член 30 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија. Клучно е да се има предвид дека извршителите се лица со јавни овластувања, на кои државата им пренела свои овластувања, но кои подлежат на регулација од страна на државата. Вршењето на дејноста извршител во никој случај не може да се третира како слободна економска дејност, која може да генерира приходи кои би го добиле третманот на сопственост, чија заштита се бара со предложената Иницијатива пред Уставниот суд. Извршителите имаат право на надоместоци за трошоци и награда согласно тарифата која ја донесува министерот за правда, како овластено лице од страна на државата, како давател на јавните овластувања на извршителите, заради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за извршување, како и посебниот предлог за привремена мерка за запирање на извршување на кои било поединечни акти и дејствија што произлегуваат од оспорените одредби, до донесувањето на конечна одлука.

**<u>Точка 54</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.71778 за КО Куманово на КП 25636/15, место викано/улица В.Карангелоски и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 55

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959544 за КО Чаир на КП бр.385 место викано/улица Александар Турунчиев и по истата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за купопродажба на идеален дел од недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр.3241 за КО Глуво Бразда, КП 1403/2 со Договор за купопродажба на недвижен имот од 4.3.2019 година и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.439 за КО Горњани на КП 429 м.в. ул.„Тополовик“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.5129 за КО Драчево 2, КП бр.6970 викано место / улица Дашкова Црница и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 59

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.11476 за КО Сингелиќ-1 на КП бр.3840 м.в ул. 4 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 60

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 61

Во врска со Заклучокот од Сто триесет и третата (дописна) седница на Владата, одржана на 6 мај 2019 година, со кој седми мај 2019 година (вторник) го определи за неработен ден за сите вработени во државната и јавната администрација на територијата на Град Скопје по повод Првата посета на поглаварот на Католичката црква, Папата Франциск на Република Северна Македонија, Владата заклучи:

- овој неработен ден на територијата на Град Скопје да се одработи на осми јуни 2019 година (сабота).

Со оваа одлука на Владата да бидат опфатени основните и средните училишта на територијата на Град Скопје кои го немаат одработено овој ден во претходниот период.

Оваа одлука да се однесува и за детските градинки и здравствените установи на територијата на Град Скопје, односно Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство за истите да изработат планови за работењето во овие дејности.
Исто така, Владата препорачува општините во градот Скопје и Градот Скопје да ја спроведат оваа одлука.

Воедно, Владата препорачува и на приватниот сектор на територијата на Град Скопје, да ја спроведе оваа одлука овој ден да биде работен и за вработените во овој сектор доколку претходната препорака на Владата за седми мај да биде неработен ден била спроведена од страна на приватниот сектор“.

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 27 мај 2019 година до 2 јуни 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 62

Владата го разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП Македонска радиотелевизија, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата го разгледа Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈРП Македонска радиотелевизија, како материјал за информирање.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за финансиското работење со Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Студенчица" Кичево, за првиот квартал на 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата им укажа на надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на непродуктивните трошоци во вкупниот износ на расходи на Претпријатието, во однос на прикажаните повисоки трошоци за реклама, пропаганда и промоција, дневници за службени патувања, патни трошоци и останати трошоци.

## Точка 65

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Управата за финансиско разузнавање за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 66

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за моменталната состојба на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

## Точка 68

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година на ЈЗУ Клиничка болница Штип, како материјал за информирање.

## Точка 69

Владата го разгледа Извештајот за обврските кои ги имаат пријавено општините кон јавните комунални претпријатија заклучно со 31 март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на препораките од Акцискиот план по дадени забелешки од Државниот завод за ревизија во Здравствен дом Ресен, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Планот за имплементација на Гаранција за млади-пилот фаза 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да достави мислење по материјалот до Министерство за труд и социјална политика.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на софтверски лиценци и условно ја усвои Информацијата, доколку Министерството за финансии достави позитивно Мислење, со следниве заклучоци:

1. Владата врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде одобрение на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за отпочнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за набавка на софтверски лиценци, со плаќање во период од четири (4) години со следнава динамика:

- 150. 000. 000,00 денари во 2019 година
- 300.000.000,00 денари во 2020 година

- 300.000.000,00 денари во 2021 година и
- 150.000.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише постапка за доделување на договор за јавна набавка за набавка на софтверски лиценци со плаќање во период од четири (4) години со следнава динамика:

- 150. 000. 000,00 денари во 2019 година
- 300.000.000,00 денари во 2020 година
- 300.000.000,00 денари во 2021 година и
- 150.000.000,00 денари во 2022 година.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија средствата потребни за реализација на јавната набавка на софтверски лиценци да ги предвиди во буџетските циркулари за наредните години, а Министерството за финансии да ги има предвид.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот да се усогласи со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот VIII и автопатот Миладиновци - Штип, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 76

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 13.6.2019 година, со почеток во 14:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува лицето Исмаиљ Љума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 13.6.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за издаденото полномошно.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА" по сите точки од Процедуралниот дел, како и за точките 1, 2, 3, 4, 6 и 7 од Работниот дел на Годишното собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 13.6.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

4. Се овластува полномошникот да гласа „ВОЗДРЖАНО", за точката 5 од Работниот дел на Годишното собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 13.6.2019 година, со почеток во 14:00 часот.

## Точка 78

Владата ја донесе Одлуката за именување на Стојан Витанов за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција, во предложениот текст.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за соработка и следење на договорите со странските инвеститори, како материјал за информирање.

### Точка 80

Владата условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да се изврши усогласување во делот на правниот основ за донесување (да се наведе и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

2. Предлагачот да утврди дали движната ствар што ја дава на трајно користење ја има во сопственост или ја има стекнато по пат на донација и истото да го наведе во Образложението.

### Точка 81

Владата условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Прилеп со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да се изврши усогласување во делот на правниот основ за донесување (да се наведе и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

2. Предлагачот да утврди дали движната ствар што ја дава на трајно користење ја има во сопственост или ја има стекнато по пат на донација и истото да го наведе во Образложението.

### Точка 82

Владата условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Скопје со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да се изврши усогласување во делот на правниот основ за донесување (да се наведе и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

2. Предлагачот да утврди дали движната ствар што ја дава на трајно користење ја има во сопственост или ја има стекнато по пат на донација и истото да го наведе во Образложението.

### Точка 83

Владата условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Скопје со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да се изврши усогласување во делот на правниот основ за донесување (да се наведе и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

2. Предлагачот да утврди дали движната ствар што ја дава на трајно користење ја има во сопственост или ја има стекнато по пат на донација и истото да го наведе во Образложението.

**<u>Точка 84</u>**

Владата условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и да се изврши усогласување во делот на правниот основ за донесување (да се наведе и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19).

2. Предлагачот да утврди дали движната ствар што ја дава на трајно користење ја има во сопственост или ја има стекнато по пат на донација и истото да го наведе во Образложението.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 19:20 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**